Службен весник на Република Македонија

Број 117 **10 јули 2015, петок** **година LXXI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
3473.	**Одлука** за престанок на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативни зони и риболовни ревири	3
3474.	**Одлука** за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовната зона на акумулацијата Тиквешко Езеро	3
3475.	**Одлука** за започнување постапка за доделување концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Скопје, Делчево и Дебар	3
3476.	**Решение** за именување членови на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи	4
3477.	**Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Кавадарци	5
3478.	**Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство „Чаир“-Скопје	5
3479.	**Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје	5
3480.	**Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Штип	6

		Стр.
3481.	**Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија-Скопје	**6**
3482.	**Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје	**6**
3483.	**Решение** за именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза „Лешок“	**6**
3484.	**Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Вевчани	**7**
3485.	**Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Скопје	**7**
3486.	**Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Битола	**7**
3487.	**Решение** за давање согласност на Одлуката за избор на директор на ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп	**7**
3488.	**Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница-Струга	**8**
3489.	**Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница-Демир Хисар	**8**
3490.	**Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Крива Паланка	**8**
3491.	**Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата-„Козле“-Скопје	**8**
3492.	**Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Русе Бошковски“-Ростуше	**9**
3493.	**Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Струга	**9**
3494.	**Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Демир Хисар	**9**
3495.	**Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Завод за нефрологија - Струга	**10**
3496.	**Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Кратово	**10**
3497.	**Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница-Гевгелија	**10**
3498.	**Правилник** за формата и содржината на образецот на службената легитимација на инспекторот за култура, начинот на нејзиното издавање и одземање и изгледот на знакот на инспекциската служба во Министерството за култура	**11**

Меѓународни договори

17.	**Закон** за ратификација на Конвенцијата за заштита и користење на прекуграничните водотеци и меѓународните езера, изменета	**2**
18.	**Закон** за ратификација на Протоколот за забрана на употреба на задушувачки, отровни или други гасови и бактериолошки методи на војување, Женева, 17 јуни 1925	**32**
19.	**Закон** за ратификација на Договорот за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протоколот за спроведување на финансиска помош меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција	**35**
20.	**Закон** за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова за полициска соработка	**62**
	Огласен дел	**1-40**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3473.

Врз основа на член 36 став (3) од Законот на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13 и 139/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.7.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА НА РИБИТЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ НА РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ И РИБОЛОВНИ РЕВИРИ

1. Со ова одлука престанува да важи Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативни зони и риболовни ревири („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/15).

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42- 5925/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3474.

Врз основа на член 38 став 1, алинеја 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 144/14, 33/15 и 104/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.7.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА НА РИБИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ СТОПАНСКИ РИБОЛОВ НА РИБОЛОВНАТА ЗОНА НА АКУМУЛАЦИЈАТА ТИКВЕШКО ЕЗЕРО

1. Со ова одлука се поништува постапката за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовната зона на акумулацијата Тиквешко Езеро, спроведена во согласност со Одлуката за започнување на постапката за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовната зона на акумулацијата Тиквешко Езеро („Службен весник на Република Македонија“ бр.1/14).

2. Постапката за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовната зона на акумулацијата Тиквешко Езеро, се поништува со оглед дека по објавениот јавен повик се дознаени такви околности, кои доколку би биле познати пред започнувањето на постапката за доделување на концесија за добра од општ интерес не би се објавил јавниот повик за доделување на концесијата, или јавниот повик суштински би се разликувал.

3. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за започнување на постапката за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовната зона на акумулацијата Тиквешко Езеро („Службен весник на Република Македонија“ бр.1/14).

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42- 5926/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3475.

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2012, 144/2014, 33/2015 и 104/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.7.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ КОНЦЕСИЈА НА ДИВЕЧОТ ВО ЛОВИШТАТА ВО ЛОВНИТЕ РЕОНИ СКОПЈЕ, ДЕЛЧЕВО И ДЕБАР

Член 1

Со давањето на дивечот во ловиштата во Република Македонија на концесија на концесионер - правно лице се обезбедуваат услови за: одгледување и заштита на дивечот; одржување на нормална бројна состојба на дивечот според капацитетот на ловиштето; реинтродукција на основните ловностопански видови во ловиштето заради побрзо постигнување на капацитетот на ловиштето доколку има потреба; создавање на ремизи во ловиштето за размножување, заштита, прехрана и прихрана на дивечот под заштита; преземање на превентивни и други мерки за заштита на дивечот од болести; одржување на бројот на дивечот без заштита во обем кој не претставува опасност за дивечот под заштита; отстранување на кучиња и мачки скитници; обезбедување на храна, мир и вода за дивечот; одредување и спроведување на ловостој, привремена и трајна забрана за ловење на одредени видови дивеч; подигање и одржување на ловно-технички објекти во ловиштето; вршење на лов со расни кучиња (педигрирани); користење на соодветни средства за ловење и чување на дивечот во ловиштето.

Член 2

Основна цел на давањето на дивечот во ловиштата на концесија е планско стопанисување односно одгледување, заштита и користење на дивечот во Република Македонија.

Член 3

Предмет на концесија е давање на дивечот во ловиштата на користење со концесија на дел од ловиштата востановени со Одлуката за востановување на ловишта на територијата на Република Македонија и тоа:

Реден број	Ловиште број	Име на ловиштето
1	2	3
Скопско-Кумановско ловностопанско подрачје		
реон Скопје		
1	2	„Елово“
2	12	„Зелениково“
3	13	„Батинци“
4	14	„Говрлево“
Влаинско-Малешевско ловностопанско подрачје		
реон Делчево		
5	1	„ Каменица“
Охридско-Преспанското ловностопанско подрачје		
реон Дебар		
6	1	„Стогово “
7	2	„Дешат“
8	3	„Бомово“
9	4	„Баниште“

Член 4

Постапката за доделување на концесија на дивечот ќе биде спроведена во рок до 150 дена од денот на формирање на Комисијата за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија.

Заради спроведување на постапката за доделување на концесиите на дивечот во ловиштата, Владата на Република Македонија на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство формира Комисија. Комисијата за спроведување на постапката за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија ќе се формира во рок од 10 дена од денот на влегувањето во сила на одлуката.

Комисијата од став 2 на овој член ја подготвува тендерската документација, јавниот повик вклучувајќи го и нацрт договорот. Тендерската документација на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство се доставува до Владата на Република Македонија за одобрување.

По одобрување на тендерската документација за доделување концесии на дивечот во ловиштата, Комисијата од став 2 на овој член во рок од пет дена ќе го објави јавниот повик согласно Законот за ловството и Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Член 5

Надоместокот за издавање на тендерската документација изнесува 1.000,00 денари.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42- 6907/1
7 јули 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

3476.

Врз основа на член 13 став 1 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/2005, 36/2011 и 41/2014) и член 36, став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013 и 139/2014) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.7.2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВУВАЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА КООРДИНАЦИЈА И УПРАВУВАЊЕ ВО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

1. За членови на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи се именуваат:

- м-р Митко Чавков, министер за внатрешни работи;
- Никола Тодоров, министер за здравство;
- Владо Мисајловски, министер за транспорт и врски;
- д-р Зоран Јолевски, министер за одбрана;
- м-р Никола Попоски, министер за надворешни работи;
- Мутаир Максуд, заменик директор на Центарот за управување со кризи и раководител на групата за процена.

2. За раководител на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи се определува м-р Митко Чавков, министер за внатрешни работи.

3. Со денот на донесувањето на ова решение престанува да важи Решението за именување членови на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи бр. 51-6855/2 од 26 ноември 2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/2011).

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42- 6615/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3477.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014 и 61/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ-КАВАДАРЦИ

1. Ванко Каров се разрешува од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Кавадарци, поради истек на мандатот.

2. За член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Кавадарци, се именува Илија Иванов.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-7522/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3478.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014 и 61/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР-ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ЗА ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО „ЧАИР“-СКОПЈЕ

1. Елизабета Тасевска се разрешува од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство „Чаир“-Скопје, поради истек на мандатот.

2. За член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство „Чаир“-Скопје, се именува Ангелина Крстева.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-7523/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3479.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014 и 61/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА БЕЛОДРОБНИ ЗАБОЛУВАЊА И ТУБЕРКУЛОЗА-СКОПЈЕ

1. Пере Грнчаровски се разрешува од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје, поради истек на мандатот.

2. За член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје, се именува Светлана Пандиловска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-7524/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3480.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014 и 61/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР-ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ-ШТИП

1. Дијана Коцева Миланова се разрешува од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Штип.

2. За член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Штип, се именува Никола Хаџи-Николов.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-7525/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3481.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014 и 61/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР-ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ПУЛМОЛОГИЈА И АЛЕРГОЛОГИЈА-СКОПЈЕ

1. Светлана Глигорова се разрешува од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија-Скопје, поради истек на мандатот.

2. За член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија-Скопје, се именува Ламбе Крстески.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-7526/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3482.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014 и 61/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА-СКОПЈЕ

1. Орце Георгиевски се разрешува од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје, поради истек на мандатот.

2. За член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје, се именува Николина Гроздановска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-7527/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3483.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014 и 61/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ЗА БЕЛОДРОБНИ ЗАБОЛУВАЊА И ТУБЕРКУЛОЗА „ЛЕШОК“

1. За член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза „Лешок“, се именува Горан Манојлоски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-7528/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3484.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014 и 61/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ ВЕВЧАНИ

1. Небојша Баткоски се разрешува од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Вевчани.

2. За член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Вевчани, се именува Наташа Костојчиноска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-7529/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3485.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015 и 61/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР-ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗАВОД ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА СЛУХ, ГОВОР И ГЛАС - СКОПЈЕ

1. Ристо Петров се разрешува од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Скопје, поради истек на мандатот.

2. За член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Скопје, се именува Владимир Божиновски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-7530/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3486.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014 и 61/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ-БИТОЛА

1. Весна Миловановиќ-Марковска се разрешува од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Битола, поради истек на мандатот.

2. За член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Битола, се именува Летка Јосифовска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-7531/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3487.

Врз основа на член 34 од Законот за научно - истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013 и 41/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА СТАРОСЛОВЕНСКА КУЛТУРА - ПРИЛЕП

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп бр.02 – 250/3 од 21 ноември 2013 година, со која за директор на Институтот е избрана проф. д-р Ели Луческа, виш научен соработник во Институтот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-7532/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3488.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014 и 61/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА-СТРУГА

1. Од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница-Струга, поради истек на мандатот се разрешуваат:

- Сузана Секулоска и
- Марија Милеска.

2. За членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница-Струга, се именуваат:

- Зора Кленкоска и
- Виолета Дишлиовска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-7533/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3489.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014 и 61/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА -ДЕМИР ХИСАР

1. Од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница-Демир Хисар, поради истек на мандатот се разрешуваат:

- Сузана Димовска и
- Ѓоко Василевски.

2. За членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница-Демир Хисар, се именуваат:

- Тоде Милошовски и
- Кире Димовски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-7534/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3490.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014 и 61/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ-КРИВА ПАЛАНКА

1. Од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Крива Паланка, поради истек на мандатот се разрешуваат:

- Бранко Златановски и
- Цветко Стојковски.

2. За членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Крива Паланка, се именуваат:

- Цане Николовски и
- Гордана Павловска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-7535/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3491.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014 и 61/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА БЕЛОДРОБНИ ЗАБОЛУВАЊА КАЈ ДЕЦАТА-„КОЗЛЕ“ - СКОПЈЕ

1. Од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата-„Козле“-Скопје, поради истек на мандатот се разрешуваат:

- Јагода Костовска и
- Ваља Гелегравчиски.

2. За членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата-„Козле“-Скопје, се именуваат:

- Цветанка Васовска и
- Боро Илиевски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-7536/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3492.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014 и 61/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ „Д-Р РУСЕ БОШКОВСКИ“-РОСТУШЕ

1. Од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Русе Бошковски“-Ростуше, поради истек на мандатот се разрешуваат:

- Тофил Таневски,
- Африм Ахмеди и
- Илјази Мирсад.

2. За членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Русе Бошковски“-Ростуше, се именуваат:

- Вело Танески и
- Рефет Абази.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-7537/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3493.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014 и 61/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ - СТРУГА

1. Од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Струга, поради истек на мандатот се разрешуваат:

- Борче Стојковски и
- Тоде Ѓорески.

2. За членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Струга, се именуваат:

- Оливера Лазороска и
- Марјан Маџоски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-7538/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3494.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014 и 61/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ - ДЕМИР ХИСАР

1. Од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Демир Хисар, поради истек на мандатот се разрешуваат:

- Македонка Бошковска и
- Нада Пејковска.

2. За членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Демир Хисар, се именуваат:

- Македонка Бошковска и
- Олгица Мирческа-Стевановска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-7539/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

_____

3495.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015 и 61/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗАВОД ЗА НЕФРОЛОГИЈА - СТРУГА

1. Драгица Буклиеска се разрешува од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Завод за нефрологија - Струга, поради истек на мандатот.

2. За членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Завод за нефрологија - Струга, се именуваат:

- Цветанка Маркоска и
- Стефан Томановски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-7540/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

_____

3496.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014 и 61/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ КРАТОВО

1. Од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Кратово, поради истек на мандатот се разрешуваат:

- Иванче Спасовски,
- Даниела Филиповска и
- Даниела Пешева-Георгиевска.

2. За членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Кратово, се именуваат:

- Љупчо Голубанов и
- Даниела Филиповска-Крстевска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-7541/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

_____

3497.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014 и 61/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јули 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА - ГЕВГЕЛИЈА

1. Од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница-Гевгелија, поради истек на мандатот се разрешуваат:

- Стојан Камчев
- Софче Атанасова и
- Јованка Паункова.

2. За членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница-Гевгелија, се именуваат:

- Александар Паласкаров
- Марјан Велков и
- Даниела Трајкова.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-7542/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

3498.

Врз основа на член 83 став (3) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 и 61/15) и член 45 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14 и 33/15), министерот за култура, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ИНСПЕКТОРОТ ЗА КУЛТУРА, НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ И ИЗГЛЕДОТ НА ЗНАКОТ НА ИНСПЕКЦИСКАТА СЛУЖБА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на службената легитимација на инспекторот за култура, начинот на нејзиното издавање и одземање и изгледот на знакот на инспекциската служба во Министерството за култура.

Член 2

Службената легитимиција на инспекторот за култура (во натамошниот текст: службената легитимиција), е изработена дводелно од 135 грамска хартија кундздрук, во осенчена окер боја, пластифицирна со 175 микронска фолија со димензии 90 Х 55 мм, која е сместена во дводелен кожен повез со сино – зелена боја на кој секој дел е со големина 75 Х 105 мм.

Образецот на службената легитимиција е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Првата страна на образецот на службената легитимиција во горниот дел го содржи грбот на Република Македонија и текстот: „Република Македонија, Министерство за култура", а на средина стои текстот: „Службена легитимација на инспектор за култура".

На втората страна на образецот на службената легитимиција во горниот лев алог има празен простор за фотографија со димензии 24 Х 22 мм, во горниот десен агол стои знакот на инспекциската служба во Министерството за култура кој претставува стилизиран мотив на пауни инспириран од мозик во Стоби, под нив стои текстот: „Врз основа на член 83 став (1) од Законот за културата се издава службена легитимација на инспекторот за култура", под кој се впишуваат податоци за името, татковото име и презимето, називот на работното место и звањето на инспекторот, место за печат, сериски број на службената легитимација и датумот на издавање, место за потпис на министерот за култура и важност на службената легитимација.

Член 4

Службената легитимиција се врачува на непосредно претпоставеното одговорно лице на инспекторот за култура, по полагањето на испитот за лиценца за инспектор за култура, согласно закон.

Член 5

Инспекторот на кој му престанал работниот однос треба најдоцна до 24 часа да ја врати службената легитимацијата во Министерството за култура преку непосредно претпоставеното одговорно лице.

На барање на инспекторот за култура најдоцна до пет дена, службената легитимација му се заменува со нова, кога е изгубена или има големо оштетување заради што е неупотреблива или кога податоците кои се впишани во службената легитимација се променети.

Службените легитимации кои се вратени или заменети со нови, се поништуваат.

Старите службени легитимации се бришат од евиденцијата на издадени службени легитимации на инспекторите за култура во Министерството за култура.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за образецот на службената легитимација на инспекторот во областа на културата и за начинот на нејзиното издавање („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/99).

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 55-8065/1
6 јули 2015 година
Скопје

Министер за култура,
д-р **Елизабета Канческа-Милевска**,с.р

ПРИЛОГ

Република македонија
Министерство за култура

Службена легитимација
на инспектор за култура

Врз основа на член 83 став (3) од Законот за културата се издава службена легитимација на инспектор за култура

_____
име, татково име и презиме

_____
назив на работно место и звање на инспекторот

м.п.

сер.бр. _____ _____
_____ министер за култура
датум на издавање

важи до _____

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.– Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов
телефон: +389-2-55 12 400.
телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2015 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2015117

Службен весник
на Република Македонија

Број 117 **10 јули 2015 петок** **година LXXI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

Стр.

17. **Закон** за ратификација на Конвенцијата за заштита и користење на прекугранични-те водотеци и меѓународните езера, изменета..... **2**
18. **Закон** за ратификација на Протоколот за забрана на употреба на задушувачки, отровни или други гасови и бактериолошки методи на војување, Женева, 17 јуни 1925…….. **32**
19. **Закон** за ратификација на Договорот за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протоколот за спроведување на финансиска помош меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција……... **35**
20. **Закон** за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова за полициска соработка…… **62**

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

17.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА И КОРИСТЕЊЕ НА ПРЕКУГРАНИЧНИТЕ ВОДОТЕЦИ И МЕЃУНАРОДНИТЕ ЕЗЕРА, ИЗМЕНЕТА

Се прогласува Законот за ратификација на Конвенцијата за заштита и користење на прекуграничните водотеци и меѓународните езера, изменета,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 7 јули 2015 година.

Бр. 08-2854/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА И КОРИСТЕЊЕ НА ПРЕКУГРАНИЧНИТЕ ВОДОТЕЦИ И МЕЃУНАРОДНИТЕ ЕЗЕРА, ИЗМЕНЕТА

Член 1

Се ратификува Конвенцијата за заштита и користење на прекуграничните водотеци и меѓународните езера, усвоена во Хелсинки, на 17 март 1992 година и изменета во Мадрид на 28 ноември 2003 година.

Член 2

Конвенцијата од членот 1 од овој закон, во оригинал на англиски јазик и во превод на македонски јазик, гласи:

Convention on the Protection and Use of Transboundary Watercourses and International Lakes

as amended

PREAMBLE

The Parties to this Convention,

Mindful that the protection and use of transboundary watercourses and international lakes are important and urgent tasks, the effective accomplishment of which can only be ensured by enhanced cooperation,

Concerned over the existence and threats of adverse effects, in the short or long term, of changes in the conditions of transboundary watercourses and international lakes on the environment, economies and well-being of the member countries of the Economic Commission for Europe (ECE),

Emphasizing the need for strengthened national and international measures to prevent, control and reduce the release of hazardous substances into the aquatic environment and to abate eutrophication and acidification, as well as pollution of the marine environment, in particular coastal areas, from land-based sources,

Commending the efforts already undertaken by the ECE Governments to strengthen cooperation, on bilateral and multilateral levels, for the prevention, control and reduction of transboundary pollution, sustainable water management, conservation of water resources and environmental protection,

Recalling the pertinent provisions and principles of the Declaration of the Stockholm Conference on the Human Environment, the Final Act of the Conference on Security and Cooperation in Europe (CSCE), the Concluding Documents of the Madrid and Vienna Meetings of Representatives of the Participating States of the CSCE, and the Regional Strategy for Environmental Protection and Rational Use of Natural Resources in ECE Member Countries covering the Period up to the Year 2000 and Beyond,

Conscious of the role of the United Nations Economic Commission for Europe in promoting international cooperation for the prevention, control and reduction of transboundary water pollution and sustainable use of transboundary waters, and in this regard recalling the ECE Declaration of Policy on Prevention and Control of Water Pollution, including Transboundary Pollution; the ECE Declaration of Policy on the Rational Use of Water; the ECE Principles Regarding Cooperation in the Field of Transboundary Waters; the ECE Charter on Groundwater Management; and the Code of Conduct on Accidental Pollution of Transboundary Inland Waters,

Referring to decisions I (42) and I (44) adopted by the Economic Commission for Europe at its forty-second and forty-fourth sessions, respectively, and the outcome of the CSCE Meeting on the Protection of the Environment (Sofia, Bulgaria, 16 October – 3 November 1989),

Emphasizing that cooperation between member countries in regard to the protection and use of transboundary waters shall be implemented primarily through the elaboration of agreements between countries bordering the same waters, especially where no such agreements have yet been reached,

Have agreed as follows:

Article 1

DEFINITIONS

For the purposes of this Convention,

1. "Transboundary waters" means any surface or ground waters which mark, cross or are located on boundaries between two or more States; wherever transboundary waters flow directly into the sea, these

transboundary waters end at a straight line across their respective mouths between points on the low-water line of their banks;

2. "Transboundary impact" means any significant adverse effect on the environment resulting from a change in the conditions of transboundary waters caused by a human activity, the physical origin of which is situated wholly or in part within an area under the jurisdiction of a Party, within an area under the jurisdiction of another Party. Such effects on the environment include effects on human health and safety, flora, fauna, soil, air, water, climate, landscape and historical monuments or other physical structures or the interaction among these factors; they also include effects on the cultural heritage or socio-economic conditions resulting from alterations to those factors;

3. "Party" means, unless the text otherwise indicates, a Contracting Party to this Convention;

4. "Riparian Parties" means the Parties bordering the same transboundary waters;

в) граничните вредности за испуштање на отпадни води дефинирани во дозволите се засновани на најдобрите достапни техники за испуштање на опасни супстанции;

г) построги барања, кои може да доведат и до забрана во поединечни случаи, се пропишуваат во случај кога квалитетот на реципиентот или на екосистемот тоа го бара;

д) најмалку биолошки третман или еквивалентен процес се применува за комуналните отпадни води при што се применува пристапот чекор-по-чекор;

ѓ) соодветни мерки се преземени, како што е примена на најдобри достапни техники, со цел да се намали влезот на хранливи материи од индустриските и комуналните извори;

е) развиени и спроведени се соодветни мерки и најдобри еколошки практики за намалување на влезот на хранливи материи и опасни супстанции од дифузни извори, особено каде што главните извори се од земјоделството (упатства за развивање на најдобри еколошки практики се дадени во Анекс II од оваа Конвенција);

ж) се применува оценка на влијанието врз животната средина и други средства за оценување;

з) се промовира одржливо управување со водените ресурси, вклучувајќи ја и примената на пристап на екосистем;

ѕ) изготвен е план за итни случаи;

и) се преземаат дополнителни посебни мерки за да се спречи загадувањето на подземните води;

ј) ризиците за инцидентно загадување се сведени на минимум.

2. За таа цел, секоја Страна ќе постави гранични вредности на испуштање во површински води од точкасти извори засновани на најдобри достапни техники, кои се однесуваат на поединечни индустриски сектори или индустрии од кои опасните супстанции потекнуваат. Соодветните мерки наведени во став 1 од овој член за спречување, контрола и намалување на внесот на опасни супстанции од дифузни извори во водите, може, меѓу другото, да вклучат целосна или делумна забрана на производство или примена на ваквите супстанции. Ќе се земат предвид постоечките листи на вакви индустриски сектори или индустрии и на ваквите опасни супстанции во меѓународните конвенции и прописи, кои се применуваат во областа опфатена со оваа Конвенција.

3. Покрај тоа, секоја Страна ќе ги дефинира, каде што е соодветно, целите за квалитет на водите и ќе ги усвои критериумите за квалитет на водите со цел спречување, контрола и намалување на прекуграничното влијание. Општи насоки за развој на таквите цели и критериуми се дадени во Анекс III од оваа Конвенција. Кога е потребно, Страните ќе го ажурираат овој анекс.

Член 4

МОНИТОРИНГ

Страните ќе воспостават програма за мониторинг на условите за прекуграничните води.

Член 5

ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ

Страните ќе соработуваат во спроведување на истражувања и развој на ефикасни техники за спречување, контрола и намалување на прекуграничното влијание. За таа цел, Страните, на билатерална и/или мултилатерална основа, земајќи ги предвид истражувачките активности изведени во соодветните меѓународни форуми, ќе настојуваат да иницираат или интензивираат специфични истражувачки програми, каде што е потребно, во насока, меѓу другото, на:

а) методи за проценка на токсичноста на опасните супстанции и штетноста на загадувачките материи;

б) подобрено знаење за појавата, дистрибуцијата и ефектите врз животната средина од загадувачките материи и придружните процеси;

в) Развој и примена на еколошки технологии, производство и потрошувачка;

г) постапното исфрлање од употреба и/или замена на супстанциите кои може да имаат прекугранично влијание;

д) еколошки здрави методи за отстранување на опасни материи;

ѓ) специјални методи за подобрување на состојбата на прекуграничните води;

е) развој на еколошки градежни работи и техники за регулирање на водени текови;

ж) физичка и финансиска процена на штета која произлегува од прекугранично влијание.

Резултатите од овие програми за истражување ќе се разменуваат меѓу Страните во согласност со член 6 од оваа Конвенција.

Член 6

РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ

Страните ќе обезбедат најширока размена на информации, што е можно порано, за прашања опфатени со одредбите од оваа Конвенција.

Член 7

ОДГОВОРНОСТ И ДОЛЖНОСТ

Страните ќе ги поддржуваат соодветните меѓународни напори за разработување на правилата, критериумите и процедурите во областа на одговорност и должност.

Член 8

ЗАШТИТА НА ИНФОРМАЦИИ

Одредбите од оваа Конвенција нема да влијаат врз правата или обврските на Страните во согласност со нивните национални правни системи и применливи наднационални прописи за заштита на податоци поврзани со индустриската и комерцијалната доверливост, вклучително и интелектуалната сопственост, или националната безбедност.

ДЕЛ II

ОДРЕДБИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА КРАЈБРЕЖНИТЕ СТРАНИ

Член 9

БИЛАТЕРАЛНА И МУЛТИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

1. Крајбрежните страни, врз основа на принципот на еднаквост и реципроцитет, се должни да склучат билатерални или мултилатерални спогодби или друг вид на договори за соработка, во случаи каде нема таков вид на соработка. Таму каде што веќе постојат такви спогодби за соработка, истите треба да се прилагодат со цел да се елиминираат евентуалните противречности со основните принципи на оваа Конвенција и со цел да се дефинираат нивните меѓусебни односи и нивното однесување во однос на превенцијата, контролата и намалувањето на прекуграничното влијание. Крајбрежните страни треба да го определат сливното подрачје или делот од сливното подрачје што ќе биде предмет на воспоставената соработка. Ваквите спогодби или договори треба да ги вклучат сите релевантни прашања опфатени со оваа Конвенција, како и сите други прашања за кои крајбрежни страни сметаат дека е потребно меѓусебно да соработуваат.

2. Договорите или спогодбите од став 1 на овој член ќе овозможат основање на заеднички тела. Задачите на овие заеднички тела, меѓу другото, и без оглед на релевантните постоечки договори или спогодби, ќе бидат:

а) да ги соберат, состават и евалуираат податоците со цел идентификација на изворите на загадување кои може да предизвикаат прекугранично влијание;

б) да се воспостават заеднички програми за мониторинг во поглед на следење на квалитетот и количеството на водите;

в) да се изготви регистар и обезбеди размена на информации за изворите на загадување споменати во став 2 (а) од овој член;

г) да се утврдат гранични вредности за отпадните води и оцени ефективноста на контролните програми;

д) да се утврдат заеднички цели и критериуми во поглед на квалитетот на водата земајќи ги предвид одредбите од член 3 став 3 од оваа Конвенција, и да се предложат соодветни мерки за одржување и каде е неопходно, подобрување на постоечкиот квалитетот на водата;

ѓ) да се развијат заеднички акциони програми за намалување на загадувањата предизвикани како од точкастите извори (на пример, комунални и индустриски извори) така и од дифузните извори (особено од земјоделството);

е) да се воспостават процедури за предупредување и алармирање;

ж) да служи како форум за размена на информации за постојните и планираните намени на водата и сродните инсталации кои може да предизвикаат прекугранично влијание;

з) да се промовира соработка и размена на информации за најдобрите достапни техники во согласност со одредбите од член 13 од оваа Конвенција, како и да се поттикнува соработка во поглед на научно истражувачките програми;

ѕ) да учествува во имплементацијата на постапката за оценката на влијание врз животната средина поврзани со прекуграничните води, во согласност со соодветните меѓународни прописи.

3. Во случаите кога крајбрежна држава, која е договорна страна на оваа Конвенција, е директно и значително засегната од прекуграничното влијание, Крајбрежните страни може, доколку сите се согласат на тоа, да ја поканат крајбрежната држава на соодветен начин да биде вклучена во активностите на заедничкото мултилатерално тело воспоставено од страна на Крајбрежните страни.

4. Заедничкото тело според оваа Конвенција, ќе ги покани заедничките тела, основани за заштита на мориња од страна на крајбрежните држави кои се под директно прекугранично влијание, да соработуваат со цел да ја хармонизираат нивната работа и да ги спречат, контролираат и намалат прекуграничните влијанија.

5. Онаму каде постојат две или повеќе заеднички тела во едно сливно подрачје, тие треба да настојуваат да ги координираат своите активности со цел да се зајакне спречувањето, контролата и намалувањето на прекуграничните влијанија во рамките на тоа сливно подрачје.

Член 10

КОНСУЛТАЦИИ

Консултациите ќе се одржуваат помеѓу Крајбрежни страни врз основа на реципроцитет, добра волја и добрососедство, на барање на која било од страните. Таквите консултации треба да имаат за цел подобрување на соработката во врска со прашањата опфатени со одредбите од оваа Конвенција. Сите консултации ќе се спроведуваат преку заедничкото тело основано согласно член 9 од оваа Конвенција.

Член 11

ЗАЕДНИЧКИ МОНИТОРИНГ И ПРОЦЕНКА

1. Во рамките на општата соработка од член 9 од оваа Конвенција, или конкретните спогодби, Крајбрежни страни ќе воспостават и применат заеднички програми за следење на состојбата на прекуграничните води, вклучувајќи поплави и ледени наноси, како и нивното прекугранично влијание.

2. Крајбрежни страни ќе се договорат во врска со параметрите на загадување како и загадувачките материи на кои треба редовно да се следат емисиите и нивната концентрација во прекугранични води.

3. Крајбрежни страни, во утврдени временски интервали, вршат заеднички или координирани проценки на состојбата на прекуграничните води како и на ефикасноста на преземените мерки за спречување, контрола и намалување на прекуграничното влијание. Резултатите од овие проценки ќе бидат ставени на располагање на јавноста во согласност со одредбите утврдени во член 16 од оваа Конвенција.

4. За овие цели, Крајбрежни страни ќе ги усогласат правилата за поставување и функционирање на програмите за мониторинг, мерните системи, уредите, аналитичките техники, процедурите за обработка и евалуација на податоци како и методите за регистрирање на испуштените загадувачки материи.

Член 12

ЗАЕДНИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ

Во рамките на општата соработка од член 9 од оваа Конвенција, или посебните спогодби, Крајбрежните страни треба да преземат конкретни истражувачки и развојни активности со цел да го поддржат остварувањето и одржувањето на квалитетот на водата согласно претходно поставените и усвоените цели и критериуми.

Член 13

РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ ПОМЕЃУ КРАЈБРЕЖНИТЕ СТРАНИ

1. Крајбрежните Страни, во рамките на соодветните договори или други спогодби согласно член 9 од оваа Конвенција, вршат размена на достапните податоци, меѓу другото во врска со:

а) еколошките услови на прекуграничните води;

б) искуствата стекнати при примената и функционирањето на најдобрата достапна техника и резултатите од спроведените истражувања и развој;

в) податоци за емисии и мониторинг;

г) мерките кои се преземени и оние кои се планира да бидат преземени за спречување, контрола и намалување на прекуграничното влијание;

д) дозволите или прописите за испуштање на отпадни води издадени од страна на надлежен орган или соодветно тело.

2. Со цел да се усогласат граничните вредности на емисија, Крајбрежните страни се обврзуваат на размена на информации во врска со нивното национално законодавство.

3. Ако на една Крајбрежна страна и биде побарано од друга Крајбрежни страна да обезбеди податоци или информации кои не и се на располагање, првата страна ќе настојува да се усогласи со барањето, но таквото усогласување може да го услови со наплата на разумен износ од страна на барателот на податоци, на име на надомест на трошоците настанати за прибирање на бараните податоци и нивна евентуална обработка.

4. Со цел спроведување на оваа Конвенција, Крајбрежните страни ќе ја олеснат размената на најдобрите достапни техники, особено преку промовирање на: трговската размена на достапни техники; директна индустриска соработка, вклучувајќи заеднички вложувања; размена на информации и искуства; и обезбедување на техничка помош. Крајбрежните страни, исто така, ќе преземат и заеднички програми за обука и организирање на соодветни едукативни семинари и состаноци.

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

Член 14

ПРЕДУПРЕДУВАЧКИ И АЛАРМНИ СИСТЕМИ

Крајбрежни страни, без одлагање, меѓусебно ќе се известуваат за сите критични ситуации кои може да предизвикаат прекугранично влијание. Крајбрежните страни ќе воспостават, онаму каде што е соодветно, координиран заеднички систем на комуникација, предупредувачки и алармни системи со цел навремено добивање и пренесување на информации. Овие системи ќе функционираат врз основа на компатибилни системи за пренос на податоци и процедури прифатливи за сите договорени страни. Крајбрежните страни меѓусебно ќе се информираат за надлежните органи или лицата за контакт назначени за оваа цел.

Член 15

ЗАЕМНА ПОМОШ

1. Во критични ситуации, Крајбрежните страни ќе обезбедат заемна помош по барање на засегнатата страна, а во согласност со процедурите утврдени во согласност со став 2 на овој член.

2. Крајбрежните страни ќе елаборираат и ќе се договораат околу процедурите за заемно помагање, меѓу другото, во врска со следниве прашања:

а) насочувањето, контролата, координацијата и надзорот на помошта;

б) локалните средства и услуги што ќе бидат обезбедени од страната што бара помош, доколку е потребно и олеснување на формалностите при преминување на границата;

в) аранжмани за заштита од опасност, обештетување и/или надоместување на страната што помага и/или персоналот вклучен во помошта, како и за транзитот низ територииите на трети страни, доколку е потребно;

г) методи за надоместување за услугите дадени за време на заемната помош.

Член 16

ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА

1. Крајбрежните страни се должни да обезбедат јавност на информациите за состојбата на прекуграничните води, преземените или мерките што се планира да се преземат со цел да се спречи, контролира и намали прекуграничното влијание, како и информациите во врска со ефикасноста на тие мерки. За оваа цел, Крајбрежните страни треба да обезбедат следниве информации да се стават на располагање на јавноста:

а) цели поставени за квалитет на водите;

б) издадените дозволи и условите кои треба да бидат исполнети;

в) резултатите од испитувањата на земените примероци од вода и ефлуент извршени за целите на мониторинг и оценка на истите, како и резултатите од проверката на усогласеноста со поставените цели за квалитет на водата или условите определени со издадените дозволи.

2. Крајбрежните страни ќе обезбедат достапност на овие информации на јавноста во секое разумно време за бесплатен увид и ќе овозможат јавноста да добие копија од овие информации по разумна цена.

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

Дел III

ИНСТИТУЦИОНАЛНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

СОБИР НА СТРАНИТЕ

1. Првиот состанок на Страните ќе се одржи најдоцна за една година од денот на влегување во сила на оваа Конвенција. Потоа, редовни состаноци ќе се одржуваат на секои три години, или на пократки периоди утврдени во деловникот за работа. Страните ќе одржат вонреден состанок, доколку така одлучат во текот на некој редовен состанок или на писмено барање на која било Страна, под услов, во рок од шест месеци истото да се достави до сите Страни, а наведеното барање да е поддржано од најмалку една третина од Страните.

2. На состаноците, Страните ќе вршат редовна ревизија на спроведувањето на оваа Конвенција, и, со таа цел, треба да:

а) вршат преглед на политиките и методолошките пристапи за заштита и користење на прекугранични води на Страните со цел понатамошно подобрување на заштитата и користењето на прекуграничните води;

б) разменуваат информации во врска со стекнатото искуство при склучување и спроведување на билатерални и мултилатерални договори или други спогодби во врска со заштитата и користењето на прекуграничните води на кои една или повеќе од Страните се страна;

в) бараат, кога е соодветно, услуги од релевантните тела на ЕКЕ, како и други одговорни меѓународни тела и одделни комитети во сите аспекти релевантни за остварувањето на целите на оваа Конвенција;

г) на својот прв состанок, разгледан и со консензус усвоен деловодник за работа за своите состаноци;

д) разгледуваат и усвојуваат предлози за измени на оваа Конвенција;

ѓ) разгледуваат и преземаат дополнителни активности што можат да бидат побарани за остварување на целите на оваа Конвенција.

Член 18

ПРАВО НА ГЛАСАЊЕ

1. Освен како што е предвидено во став 2 на овој член, секоја Страна на оваа Конвенција ќе има по еден глас.

2. Регионални организации за економска интеграција, во поглед на нивна надлежност, го користат своето право на глас со број на гласови еднаков на бројот на нивните земји членки кои се Страни на оваа Конвенција. Таквите организации нема да го користат своето право на глас доколку нивните земји членки го искористат своето право и обратно.

Член 19

СЕКРЕТАРИЈАТ

Извршниот Секретар на Економската комисија за Европа ги врши следниве функции на секретаријатот:

а) одржување и подготовка на состаноците на Страните;

б) пренесување на извештаи и други примени информации во согласност со одредбите на оваа Конвенција до Страните;

в) Извршување на други такви функции кои можат да бидат определени од страна на Страните.

Член 20

АНЕКСИ

Анексите на Конвенцијата претставуваат нејзин составен дел.

Член 21

ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА КОНВЕНЦИЈА

1. Секоја Страна може да предложи измени и дополнувања на оваа Конвенција.

2. Предлозите за измена и дополнување на оваа Конвенција ќе бидат земени предвид за време на состанокот на Страните.

3. Текстот на секоја предложена измена и дополнување на оваа Конвенција се поднесува во писмена форма до Извршниот Секретар на Економската комисија за Европа, која што ќе го проследи до сите Страни, најмалку деведесет дена пред состанокот на кој се предлага усвојувањето.

4. Измените и дополнувањата на оваа Конвенција ќе се усвојуваат со консензус на претставниците на Страните на оваа Конвенција присутни на состанокот на Страните, а ќе влегуваат во сила за оние Страни на Конвенција кои ги прифатиле на деведесеттиот ден по датумот на кој две третини од тие Страни ги депонирале кај Депозитарот, нивните инструменти за прифаќање на измените и дополнувањата. Измените и дополнувањата ќе стапат во сила за секоја друга страна на деведесеттиот ден по датумот на кој таа страна ги депонирала нејзините инструменти за прифаќање на измените и дополнувањата.

Член 22

РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

1. Ако се појави спор помеѓу две или повеќе страни во врска со толкувањето или примената на Конвенцијата, тие ќе настојуваат да најдат решение преку преговори или на било кој друг начин на решавање на спорови прифатлив за страните на спорот.

2. Кога се потпишува, ратификува, прифаќа, одобрува или пристапува кон оваа Конвенција, или во било кое време потоа, Страната може да се изјасни во писмена форма до Депозитарот дека, за спор кој не е решен во согласност со став 1 од овој член, се прифаќа еден или двата од следните начини за решавање на спорови како задолжителни за секоја Страна која ја прифаќа истата обврска:

а) доставување на спорот до Меѓународниот суд на правдата;

б) Арбитража во согласност со постапката утврдена во Анекс IV.

3. Доколку страните во спорот ги прифатиле двата начина за решавање на спорови наведени во став 2 од овој член, спорот може да се поднесе само до Меѓународниот суд на правдата, освен ако страните не се договорат поинаку.

Член 23

ПОТПИС

Оваа Конвенција ќе биде отворена за потпис во Хелсинки од 17 до 18 март 1992 година, а потоа во седиштето на Обединетите Нации во Њујорк до 18 септември 1992 година, од страна на државите членки на Економската комисија за Европа, како и од државите кои имаат консултативен статус кај

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

Економската комисија за Европа во согласност со став 8 од Резолуцијата на Економско - социјалниот совет 36 (IV) од 28 март 1947 година, и од регионалните организации за економска интеграција составени од суверените држави членки на Економската комисија за Европа на кои нивните држави членки им ја пренеле надлежноста во однос на прашањата што се регулираат со оваа Конвенција, вклучувајќи ги надлежностите да склучуваат договори во однос на овие прашања.

Член 24

ДЕПОЗИТАР

Генералниот секретар на Обединетите нации ќе дејствува како Депозитар на оваа Конвенција.

Член 25

РАТИФИКАЦИЈА, ПРИФАЌАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И ПРИСТАПУВАЊЕ

1. Оваа Конвенција ќе биде предмет на ратификација, прифаќање или одобрување од страна на државите потписнички и регионалните организации за економска интеграција.

2. Оваа Конвенција ќе биде отворена за пристапување од страна на државите и организациите од член 23.

3. Секоја друга држава која не е наведена во став 2, а која е членка на Обединетите нации може да пристапи кон Конвенцијата по одобрение од страна на Состанокот на Страните. Во својот инструмент за пристапување, таквата држава треба да даде изјава во која се наведува дека одобрувањето за пристапување кон Конвенцијата било добиено од Состанокот на Страните и ќе се наведе датумот на кој одобрението било примено. Секое такво барање за пристапување од страна на членките на Обединетите нации не се смета за одобрување од страна на Состанокот на Страните се додека овој став не влезе во сила за сите земји и организации кои биле Страни на Конвенцијата на 28 Ноември 2003 година.

4. Секоја организација наведена во член 23 која станува Страна на оваа Конвенција, без било која од нејзините земји членки да биде Страна, ќе биде обврзана со сите обврски според оваа Конвенција. Во случај на такви организации, во кои една или повеќе од нејзините земји членки се Страни на оваа Конвенција, организацијата и нејзините земји членки ќе одлучуваат за нивните одговорности за извршувањето на своите обврски од оваа Конвенција. Во такви случаи, организацијата и земјата членка немаат право истовремено да ги користат правата од оваа Конвенција.

5. Во своите инструменти за ратификација, прифаќање, одобрување или пристапување, регионалните организации за економска интеграција од член 23 ќе се произнесат за степенот на нивната надлежност во однос на работите уредени во оваа Конвенција. Овие организации, исто така, ќе го известат Депозитарот за евентуалните значителни измени во степенот на нивната надлежност.

Член 26

ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

1. Оваа Конвенција ќе влезе во сила на деведесеттиот ден по денот на депонирање на шеснаесетиот инструмент за ратификација, прифаќање, одобрување или пристапување.

2. За целите на став 1 од овој член, секој инструмент депониран од страна на регионалната организација за економска интеграција нема да се брои како дополнителен на оние што се депонирани од страна на земјите членки на една таква организација.

3. За секоја држава или организација од член 23 или од став 3 на член 25 која ја ратификува, прифаќа или одобрува оваа Конвенција или ќе пристапи кон истата по депонирањето на шеснаесеттиот инструмент за ратификација, прифаќање, одобрување или пристапување, Конвенцијата влегува во сила

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

на деведесеттиот ден по денот на депонирањето од страна на таа држава или организација, на нејзиниот инструмент за ратификација, прифаќање, одобрување или пристапување.

Член 27

ПОВЛЕКУВАЊЕ

Во секое време по три години од денот на стапување во сила на оваа Конвенција во однос на Страната, таа Страна може да се повлече од Конвенцијата со доставување на писмено известување до Депозитарот. Секое вакво повлекување ќе стапи во сила на деведесеттиот ден од денот на приемот од страна на Депозитарот.

Член 28

АВТЕНТИЧНИ ТЕКСТОВИ

Оригиналот на оваа Конвенција, чијшто текст на англиски, француски и руски јазик е еднакво автентичен, се депонира кај Генералниот секретар на Обединетите нации.

ЛИЧНО ПРИСУТНИ, долупотпишаните, прописно овластени, ја потпишаа оваа Конвенција.

Во Хелсинки, овој седумнаесетти ден од март илјада деветстотини деведесет и втората година.

АНЕКСИ

АНЕКС I

ДЕФИНИЦИЈА НА ПОИМОТ „НАЈДОБРА ДОСТАПНА ТЕХНИКА“

1. Поимот "најдобри достапни техники" се смета дека значи најновата фаза на развој на процеси, капацитети или методи на работа кои укажуваат на практичната соодветност на одредена мерка за ограничување на испуштањата, емисиите и отпадот. При одредувањето дали збир на процеси, капацитети и методи на работа претставува најдобра достапна технологија во целина или како поединечни случаи, посебно внимание се посветува на:

а) споредливи процеси, капацитети или методи на работа кои неодамна биле успешно испробани;

б) технолошки напредок и промени во научните сознанија и разбирање;

в) економската остварливост на таквата технологија;

г) временски рокови за инсталирање во нови и постоечки инсталации;

д) природата и обемот на испуштањата и ефлуентите за кои станува збор;

ѓ) технологија со мали количини или без-отпад.

2. Според тоа, следи дека она што е „најдобра достапна техника" за одреден процес ќе се промени со текот на времето во рамките на технолошкиот напредок, економските и социјалните фактори, како и во рамките на промените во научните сознанија и разбирања.

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

АНЕКС II

УПАТСТВА ЗА РАЗВОЈ НА НАЈДОБРИ ЕКОЛОШКИ ПРАКТИКИ

1. Во изборот за индивидуални случаи на најсоодветната комбинација на мерки кои може да ја сочинуваат најдобрата еколошка практика, треба да се земе предвид следниот спектар на мерки:

а) Обезбедување на информации и едукација на јавноста и корисниците за еколошките последици од изборот на одделни активности и производи, нивната употреба и крајното отстранување на отпадот;

б) Развојот и примената на кодексите за добра еколошка пракса кои ги покриваат сите аспекти од животниот циклус на производот;

в) Ознаки кои ги информираат корисниците за еколошките ризици поврзани со производот, неговата употреба и крајното отстранување на отпадот;

г) Системи за собирање и отстранување достапни на јавноста;

д) Рециклирање, обновување и повторна употреба;

ѓ) Примена на економски инструменти на активности, производи или групи на производи;

е) Систем на лиценцирање, кој вклучува голем број на ограничувања или забрани.

2. При одредувањето на комбинацијата на мерки кои претставуваат најдобри еколошки практики, во целина или во поединечни случаи, особено внимание треба да се посвети на:

а) опасност за животната средина од:

1) производот;

2) производството на производот;

3) користењето на производот;

4) крајното отстранување на отпадот;

б) Замена со помалку загадувачки процеси или супстанции

в) обем на употреба

г) потенцијална еколошка корист или казна при замена на материјали или активности

д) напредоци и промени во научните сознанија и нивното разбирање;

ѓ) временски рокови за имплементација;

е) социјални и економски импликации.

3. Според тоа, следи дека најдобрите еколошки практики за одреден извор ќе се променат со текот на времето во рамките на технолошкиот напредок, економските и социјалните фактори, како и во рамките на промените во научните сознанија и нивното разбирање.

АНЕКС III

УПАТСТВА ЗА РАЗВОЈ НА ЦЕЛИТЕ И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ НА ВОДА

Целите и критериумите за квалитет на водата:

а) ја имаат предвид целта за одржување и, каде што е потребно, подобрување на постоечкиот квалитет на водата;

б) имаат за цел намалување на товарот на просечното загадување (особено со опасни супстанции) до одреден степен во одреден временски период;

в) ги земаат предвид посебните барања за квалитет на водата (сурова вода наменета за вода за пиење, наводнување, итн);

г) ги земаат предвид посебните барања во врска со чувствителни и посебно заштитените води и нивната околина, на пример езера и извори на подземни води;

д) се засноваат на примена на методи за еколошка класификација и хемиски индекси за проверка на квалитетот на водата на среден и долг рок заради одржување и подобрување на нејзиниот квалитет;

ѓ) ги земе предвид степенот до кој целите се постигнуваат и дополнителните заштитни мерки, врз основа на граничните вредности за емисија, кои може да се бараат во поединечни случаи.

АНЕКС IV

1. Во случај на спор кој се поднесува на арбитража во согласност со член 22 став 2 од оваа Конвенција, страната или страните ќе го известат секретаријатот за предметот на арбитражата и ќе укажат, особено, на членовите од оваа Конвенција чија интерпретација или примена е доведена во прашање. Секретаријатот ќе ги проследи информациите до сите Страни на оваа Конвенција.

2. Арбитражниот суд ќе се состои од три члена. И страната на тужителот или тужителите и другата страна или страни во спорот назначуваат по еден арбитер, а двата назначени арбитри заеднички назначуваат трет арбитер кој ќе биде претседател на арбитражниот суд. Претседателот не смее да биде државјанин на една од страните во спорот, ниту пак негово или нејзино место на вообичаено живеење да биде на територијата на една од страните, ниту пак да биде вработен од една од нив, ниту пак да се занимавал со случајот на било кој друг начин.

3. Доколку претседателот на арбитражниот суд не е назначен во рок од два месеца по назначувањето на вториот арбитер, Извршниот секретар на Економската комисија за Европа, на барање на било која од страните во спорот ќе именува претседател во текот на следните два месеци.

4. Доколку една од страните во спорот не именува арбитер во рок од два месеци од приемот на барањето, другата страна може да го информира Извршениот секретар на Економската комисија за Европа, кој ќе го назначи претседателот на арбитражниот суд во следниот дво-месечен период. По назначувањето, претседателот на арбитражниот суд ќе побара од страната која не назначила арбитар да го стори тоа во рок од два месеци. Доколку тоа не се стори во рамките на посочениот период,

претседателот ќе го информира Извршниот секретар на Економската комисија за Европа, кој ќе го изврши назначувањето во следните два месеци.

5. Арбитражниот суд ќе ја донесе својата одлука во согласност со меѓународното право и со одредбите од оваа Конвенција.

6. Арбитражен суд конституиран според одредбите утврдени во овој анекс ќе состави свој деловник за работа.

7. Одлуките на арбитражниот суд, за постапките и за суштината, ќе се донесуваат со мнозинство гласови од своите членови.

8. Трибуналот може да ги преземе сите соодветни мерки за утврдување на фактите.

9. Страните во спорот ќе ја овозможат работата на арбитражниот суд, особено, со користење на сите средства што им се на располагање:

а) ќе ги обезбедат сите релевантни документи, средства и информации;

б) ќе овозможат, доколку е потребно, да се повикаат сведоци или експерти и да ги добијат своите докази.

10. Страните и арбитрите ќе ја заштитуваат доверливоста на сите информации добиени во доверба во текот на постапките на арбитражниот суд.

11. Арбитражниот суд може, на барање на една од страните, да препорача привремени мерки на заштита.

12. Ако една од страните во спорот не се појави пред арбитражниот суд или не успее да се одбрани во случајот, другата страна може да побара од судот да продолжи со постапката и да ја донесе својата конечна одлука. Отсуството на страна или неуспехот на страната да го одбрани својот случај нема да претставува пречка за постапката.

13. Арбитражниот суд може да сослуша и да одреди против-тужби која произлегува директно од предметот на спорот.

14. Доколку арбитражниот суд не одлучи поинаку поради конкретните околности на случајот, трошоците на судот, вклучувајќи го и надоместокот за неговите членови, ги сносат страните во спорот подеднакво. Судот ќе води евиденција за сите свои трошоци и ќе достави финален извештај до страните.

15. Секоја страна на оваа Конвенција која има интерес од правна природа во предметот на спорот и која што може да биде засегната од одлуката во случајот, може да интервенира во постапката со согласност на судот.

16. Арбитражниот суд ќе ја донесе својата пресуда во рок од пет месеци од датумот на кој е основан, освен ако не смета дека е неопходно да се продолжи рокот за период кој не смее да надмине пет месеци.

17. Пресудата на арбитражниот суд ќе биде придружена со изјава за причините. Таа ќе биде конечна и обврзувачка за сите страни во спорот. Пресудата ќе биде пренесена од страна на арбитражниот суд до страните во спорот и до секретаријатот. Секретаријатот ќе ја проследи примената информација до сите страни на оваа конвенција.

18. Секој спор што може да произлезе помеѓу страните во врска со толкувањето или извршувањето на пресудата може да се поднесе од било која страна до арбитражниот суд што ја донел пресудата или доколку тоа не може да се постигне од него, на друг суд конституиран за оваа намена на ист начин како и првиот.

Член 3

Министерството за животна средина и просторно планирање се определува како надлежен орган на државната управа што ќе се грижи за извршување на Конвенцијата од членот 1 од овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

_____

L I GJ
PËR RATIFIKIMIN E KONVENTËS PËR MBROJTJE DHE SHFRYTËZIM TË RRJEDHAVE UJORE TEJKUFITARE DHE LIQENEVE NDËRKOMBËTARE, E NDRYSHUAR

Neni 1

Ratifikohet Konventa për mbrojtje dhe shfrytëzim të rrjedhave ujore tejkufitare dhe liqeneve ndërkombëtare, e miratuar në Helsinki, më 17 mars 1992 dhe e ndryshuar në Madrid më 28 nëntor 2003.

Neni 2

Konventa nga neni 1 i këtij ligji, në origjinal në gjuhën angleze dhe në përkthim në gjuhën maqedonase, është si vijon:

Neni 3

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor caktohet si organ kompetent i administratës shtetërore që do të kujdeset për zbatimin e Konventës nga neni 1 i këtij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

_____

18.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ПРОТОКОЛОТ ЗА ЗАБРАНА НА УПОТРЕБА НА ЗАДУШУВАЧКИ, ОТРОВНИ ИЛИ ДРУГИ ГАСОВИ И БАКТЕРИОЛОШКИ МЕТОДИ НА ВОЈУВАЊЕ, ЖЕНЕВА, 17 ЈУНИ 1925

Се прогласува Законот за ратификација на Протоколот за забрана на употреба на задушувачки, отровни или други гасови и бактериолошки методи на војување, Женева, 17 јуни 1925,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 7 јули 2015 година.

Бр. 08-2855/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

З А К О Н
ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ПРОТОКОЛОТ ЗА ЗАБРАНА НА УПОТРЕБА НА ЗАДУШУВАЧКИ, ОТРОВНИ ИЛИ ДРУГИ ГАСОВИ И БАКТЕРИОЛОШКИ МЕТОДИ НА ВОЈУВАЊЕ, ЖЕНЕВА, 17 ЈУНИ 1925

Член 1

Се ратификува Протоколот за забрана на употреба на задушувачки, отровни или други гасови и бактериолошки методи на војување, склучен во Женева на 17 јуни 1925.

Член 2

Протоколот од членот 1 од овој закон во оригинал на англиски јазик и во превод на македонски јазик, гласи:

Protocol for the Prohibition of the Use of Asphyxiating, Poisonous or Other Gases, and of Bacteriological Methods of Warfare. Geneva, 17 June 1925.

The undersigned Plenipotentiaries, in the name of their respective Governments:

(Here follow the names of Plenipotentiaries)

Whereas the use in war of asphyxiating, poisonous or other gases, and of all analogous liquids materials or devices, has been justly condemned by the general opinion of the civilized world; and

Whereas the prohibition of such use has been declared in Treaties to which the majority of Powers of the world are Parties; and

To the end that this prohibition shall be universally accepted as a part of International Law, binding alike the conscience and the practice of nations;

Declare:

That the High Contracting Parties, so far as they are not already Parties to Treaties prohibiting such use, accept this prohibition, agree to extend this prohibition to the use of bacteriological methods of warfare and agree to be bound as between themselves according to the terms of this declaration.

The High Contracting Parties will exert every effort to induce other States to accede to the present Protocol. Such accession will be notified to the Government of the French Republic, and by the latter to all Signatory and Acceding Powers, and will take effect on the date of the notification by the Government of the French Republic.

The present Protocol of which the French and English texts are both authentic, shall be ratified as soon as possible. It shall bear today's date.

The ratifications of the present Protocol shall be addressed to the Government of the French Republic, which will at once notify the deposit of such ratification to each of the Signatory and Acceding Powers.

The instruments of ratification and accession to the present Protocol will remain deposited in the archives of the Government of the French Republic.

The present Protocol will come into force for each Signatory Power as from the date of deposit of its ratification, and, from that moment, each Power will be bound as regards other Powers which have already deposited their ratifications.

In witness whereof the Plenipotentiaries have signed the present Protocol.

Done at Geneva in a single copy, the seventeenth day of June, One Thousand Nine Hundred and Twenty-Five.

Протокол за забрана на употреба на задушувачки, отровни или други гасови и бактериолошки методи на војување, Женева, 17 јуни 1925

Подолу потпишаните ополномоштени претставници во името на нивните Влади: *(Овде се имињата на ополномоштените претставници).*

Со оглед на тоа дека употребата на задушувачки, отровни или други гасови и слични на нив течности, материјали или уреди во војна со право се осудуваат според општото мислење на цивилизираниот свет; и

Со оглед на тоа дека забраната на употреба на такви средства е декларирана во Договорите, чии договорни страни се мнозинството од водечките земји во светот, и

Со цел оваа забрана да биде општо прифатена како дел од меѓународното право, обврзувајќи ја и совеста и практиката на нациите,

Изјавуваат дека:

Високите земји потписнички, доколку тие не се веќе договорни страни на спогодби кои забрануваат таква употреба, прифаќаат оваа забрана да се прошири и на употребата на бактериолошки методи на војување и се согласуваат да бидат меѓусебно обврзани согласно условите од оваа декларација.

Високите земји потписнички ќе ги вложат сите напори да ги поттикнат и другите земји да пристапат кон овој Протокол. За таквото пристапување ќе биде известена Владата на Француската Република, која ќе ги извести сите земји потписнички и земјите кои пристапиле на овој Протокол, и истиот ќе стапи во сила на датумот на известување од страна на Владата на Француската Република.

Овој Протокол, чија англиска и француска верзија имаат подеднаква важност, ќе биде ратификуван што е можно побрзо. Тој ќе го носи денешниот датум.

Ратификациите на овој Протокол ќе бидат доставени до Владата на Француската Република, која што веднаш ќе ги извести сите земји потписнички и земјите кои пристапиле кон Протоколот за депонирањето на ратификацијата.

Инструментите за ратификација и пристапување според овој Протокол ќе останат депонирани во архивата на Владата на Француската Република.

Овој Протокол ќе стапи во сила за секоја земја потписничка од датумот на депонирање на ратификацијата и од тој момент, секоја земја ќе биде обврзана во однос на останатите земји кои ги имаат депонирано своите ратификации.

Се потврдува дека овластените потписници го потпишаа овој Протокол.

Склучен во Женева, во еден примерок, на 17 јуни 1925 година.

Член 3

Министерството за одбрана се определува како надлежен орган на државната управа што ќе се грижи за извршување на Протоколот од членот 1 од овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

_____

L I GJ
PËR RATIFIKIMIN E PROTOKOLLIT PËR NDALIMIN E PËRDORIMIT TË GAZRAVE MBYTËSE, HELMUESE OSE TË TJERA DHE METODAVE BAKTERIOLOGJIKE TË LUFTËS, GJENEVË, 17 QERSHOR 1925

Neni 1

Ratifikohet Protokolli për ndalimin e përdorimit të gazrave mbytëse, helmuese ose të tjera dhe metodave bakteriologjike të luftës, i lidhur në Gjenevë më 17 qershor 1925.

Neni 2

Protokolli nga neni 1 i këtij ligji në origjinal në gjuhën angleze dhe në përkthim në gjuhën maqedonase, është si vijon:

Neni 3

Ministria e Mbrojtjes caktohet si organ kompetent i administratës shtetërore që do të kujdeset për zbatimin e Protokollit nga neni 1 i këtij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

_____

19.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ ЗА ВОЕНА ФИНАНСИСКА СОРАБОТКА МЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА И ПРОТОКОЛОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОМОШ МЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА

Се прогласува Законот за ратификација на Договорот за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протоколот за спроведување на финансиска помош меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 7 јули 2015 година.

Бр. 08-2856/1
7 јули 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

З А К О Н
ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ ЗА ВОЕНА ФИНАНСИСКА СОРАБОТКА МЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА И ПРОТОКОЛОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОМОШ МЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА

Член 1

Се ратификуваат Договорот за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протоколот за спроведување на финансиска помош меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција, потпишани во Будва, Црна Гора на 16 октомври 2014 година.

Член 2

Договорот и Протоколот од членот 1 од овој Закон во оригинал на македонски, турски и англиски јазик, гласат:

ДОГОВОР ЗА ВОЕНА ФИНАНСИСКА СОРАБОТКА

ПОМЕЃУ

ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА

И

ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДОГОВОР ЗА ВОЕНА ФИНАНСИСКА СОРАБОТКА

ПОМЕЃУ

ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА

И

ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРЕАМБУЛА

Владата на Република Турција и Владата на Република Македонија (во понатамошниот текст именувани како „Страна" поединечно или како „Страни" заедно) со цел да се зајакне нивната воена соработка во рамките на нивните долгогодишни пријателски односи и да се придонесе на преструктуирањето на Вооружените сили на Република Македонија, постигнаа договор по следниве прашања.

ЧЛЕН I
ЦЕЛ

Целта на овој Договор е да се дефинира основата на алоцирањето на воена финансиска соработка на Владата на РМ во износ од 1.575.000 (еденмилионпетстотиниседумдесетипетилјадитурскилири) турски лири пресметано во американски долари, од кои сумата од 1.475.000 (еденмилиончетиристотиниседумдесетипетилјадитурскилири) турски лири пресметано во американски долари од овие ресурси ќе бидат на располагање за набавка на неопходни производи и услуги од локални компании во Турција, пред сè компаниите од турската одбранбена индустрија за воени цели и останатите 100.000 (стоилјадитурскилири) турски лири пресметано во американски долари ќе бидат на располагање по стапување во сила на Протоколот за имплементација на финансиската помош кој ќе се потпише по склучувањето на овој Договор.

ЧЛЕН II
ДЕЛОКРУГ

